Јавно претпријатие за изградување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 04-451/13
11.08 2025 год.

Врз основа на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, член 33 од Статутот на ЈП ХС Злетовица Пробиштип, Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје бр.09-4408/1 од 09.08.2025 година (Сл.весник на РСМ бр.167/2025), Директорот донесе

**ОДЛУКА**
за мирување на постапката по Интерен оглас бр.01/2025 за унапредување на три административни службеници

1. Започнатата постапка за унапредување на три административни службеници во ЈП ХС Злетовица Пробиштип на работните места Раководител на одделение за општи работи (КДР 0102 Б04 064), Раководител на одделение за јавни набавки (КДР 0102 Б04 018) и Раководител на одделение за безбедност и здравје при работа (КДР 0102 Б04 069) по објавен Интерен оглас бр.01/2025, **се става во мирување.**
2. Постапката по Интерен оглас бр.01/2025 мирува до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје.
3. За продолжување на постапката за унапредување на три административни службеници во ЈП ХС Злетовица Пробиштип по Интерен оглас бр.01/2025, ЈП ХС Злетовица Пробиштип ќе донесе посебно решение.
4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници, Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категорија на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на Република Македонија бр.259/24) и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-6666/2 од 14.07.2025 година, на 01.08.2025 година на веб страната на ЈП ХС Злетовица Пробиштип и на веб страната на Агенцијата за администрација беше објавен Интерен оглас бр.01/2025 за унапредување на три административни службеници, со рок на аплицирање до 07.08.2025 година.

На ден 09.08.2025 година Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија донесе Решение за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје бр. 09-4408/1 (Сл.весник на РСМ бр.167/2025).

Согласно горенаведеново, а имајќи го во предвид член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик се донесе решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против ова решение, во рок од 8 дена од денот на објавување може да се поднесе жалба до Агенција за администрација.

Пробиштип
11.08.2025

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски

Хидросистем Злетовица-Пробиштип

Подготвил: Марија Насевска
Одобрил: Игор Манасов